# ЗАКОН ЗА ТУТУН И ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ [1](„Службен весник на Република Македонија“бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува примарното производство (производство) и финансирањето, откупот, сместувањето, обработката на откупениот суров тутун во лист (тутун), прометот на обработениот тутун, како и производството и прометот на тутунските производи.

### Член 2

Под **тутун** , во смисла на овој закон се сметаат лисја добиени од растенија на видот nicotiana табакум (Nicotiana tabacum L).

### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Тутунски производи** се производите подготвени од тутун за пушење, џвакање и шмркање;

2. **Пури и цигарилоси** се свитоци од тутун наменети за пушење со една обвивка или со внатрешна и надворешна обвивка, кои се:
- направени исклучиво од природен тутун,
- со надворешна обвивка од природен тутун или
- со надворешна обвивка со боја на тутун и внатрешна обвивка, двете од реконституиран тутун, ако најмалку 60% од парчињата тутун во нив имаат ширина и должина поголема од 1,75 мм, надворешната обвивка е завиткана спирално, а пурата има врв заострен за 30 степени во однос на оската на пурата или
- со надворешна обвивка со боја на тутун и внатрешна обвивка, двете од реконституиран тутун, ако нивната тежина по парче без филтер и додаток за во уста изнесува 2,3 г или повеќе и ако најмалку 60% од парчињата тутун во нив имаат ширина и должина поголема од 1,75 мм, а ширината на обвивката во најмалку една третина од должината на ролната изнесува 34 мм. Тежината по парче е просечната тежина на 1.000 парчиња без филтер и додаток за во уста;

3. **Реконституиран или хомогенизиран тутун** е фолија со дебелина на тутунски лист изработена од тутунска прашина, тутунска ситневина и тутунски ребра поврзани со соодветни скробни лепила;

4. **Тутунски ребра** - главна нерватура (жили) на тутунските лисја кои по соодветна обработка влегуваат во состав на тутунските производи;

5. **Цигари** **се** :
- свитоци од тутун што може да се пушат, а што не се пури или цигарилоси,
- свитоци од тутун, кои со индустриски процес се вметнуваат во хартиени туби за цигари и
- свитоци од тутун кои со индустриски процес се виткаат во хартија за цигари.
Еден свиток од тутун од типот во ставот 1 алинеи 1, 2 и 3 од овој член ќе биде сметан како две цигари, при наплаќање акциза кога, несметајќи го филтерот или делот за во уста, е подолг од 9 см, но не подолг од 18 см како три цигари кога, несметајќи го филтерот или делот за во уста, е подолг од 18 см, но не подолг од 27 см итн.;

6. **Тутун за пушење е**:
- сецкан или на друг начин иситнет, ткаен (развлакнет) или во плочи пресуван тутун кој може да се пуши без натамошна индустриска преработка, кога е наменет за пушење и малопродажба, а не спаѓа во пури и цигарилоси според точката 2 на овој член или во цигари според точката 3 на овој член,
- фино сецкан тутун за правење цигари кога 25% по маса од парчињата тутун имаат ширина помала од 1 мм, како и 25% по маса од парчињата тутун со ширина поголема од 1 мм и кој е наменет да се продаде за правење цигари и
- тутунот за пушење од алинејата 1 на оваа точка ќе се смета како и на друг начин подготвен тутун за пушење, освен фино сецканиот тутун за виткање цигари од алинејата 2 на оваа точка;

7. **Тутун за орална употреба** ги опфаќа сите тутунски производи, со исклучок на оние кои се наменети за пушење или џвакање, направени целосно или делумно од тутун, во облик на прашок или во форма на парчиња или во каква било комбинација на тие форми, особено оние што се нудат во пакувани кеси или порозни кеси, или во форма слична на прехранбени производи;

8. **Катран** е дехидриран суров кондензат од чадот, кој не содржи никотин;

9. **Никотин** е никотински алкалоид;

10. **Јаглероден моноксид** е токсичен гас кој е составен дел од чадот што се јавува при пушењето;

11. **Адитив на тутунскиот производ** е секој материјал освен тутунот кој се додава на тутунскиот приозвод со цел за подготовка, третман, преработка и пакување со намера да се влијае на органолептичките, хемиските, физичките и микробиолошките карактеристики на производот;

12. **Пакување** е единечна кутија или опаковка во која се продава тутунскиот производ, не земајќи ја предвид проѕирната опаковка;

13. **Суров тутун** е тутун во листови, исушен, но се уште необработен;

14. **Јарма бала** е пакувана единица од суров необработен тутун, спакуван во обвивка од конопено или памучно платно;

15. **Картонска кутија** е паковна единица на суров необработен тутун и/или обработен тутун;

16. **Дара** е одбивање на дел од вкупната тежина на балата, односно тежината на амбалажниот материјал (обвивка од конопено или памучно платно или картонска кутија);

17. **Ферментиран тутун** е полуфабрикат кој се добива под дејство на надворешни (температура, релативна влага, аерација) и внатрешни (тутунски ферменти) фактори од моментот на изумирање на клетката кај тутунскиот лист;

18. **Тонга бала** е пакувана единица од индустриски класи на необработен или обработен тутун во лист, спакуван во обвивка од конопено или памучно платно или картонска кутија;

19. **Тутунско семе** е орган за размножување и е наменето за производство на тутун по пат на генеративно размножување;

20. **Пелетирано (пилирано) тутунско семе** е семе специјално обработено и обложено со материја;

21. **Производство на тутун** е производство на тутунов расад, расадување, одгледување на тутунски растенија на нива, откинување на лисјата од растенијата, сушење на тутунските лисја и примарна (домашна) манипулација на суров тутун;

22. **Откуп на тутун** е процена и преземање на суровиот тутун во простории предвидени во членот 21 од овој закон;

23. **Сместување на откупениот тутун** е сместување на откупениот тутун во простории предвидени во членот 21 од овој закон;

24. **Обработка на тутун** е индустриска манипулација и ферментација (сезонска, вонсезонска, ридраинг и софтдраинг постапка) за добивање на обработен тутун;

25. Обработен тутун е тутун во форма на цели листови кои претходно се исушени и/или ферментирани, листовите во делови кои по сушењето и/или ферментацијата на целите листови, се оджилени/стрипсирани (оголени), потсечени или се непотсечени, кршени или исечкани (вклучувајќи исечкани делови во различна форма, но не и готов тутун за пушење) како и тутунските ребра кои се добиени по нивното оджилување и тутунското фолио или реконструираниот тутун кој е добиен со индустриски процес од тутунски отпадоци и служи како суровина за изработка на тутунски производи кои можат да бидат третирани (сосирани или натопени) со течност со соодветен состав, главно со цел да се спречи мувлосувањето и потсушувањето во текот на складирањето и транспортот и да се зачува миризливоста;

26. **Промет на обработен тутун** е купопродажба, извоз и увоз на обработен тутун;

27. **Производство на тутунски производи** е индустриска постапка за производство, пакување на производите направени од тутун, кои се наменети за пушење, џвакање и шмркање;

28. **Промет на тутунски производи** е извоз, увоз, продажба, како и секоја друга активност за промет на тутунски производи;

29. **Следливост** е способност да се следи и проследи тутунот, адитивите или штетните супстанции кои ги има или е очекувано да бидат вградени во тутунските производи прку сите фази на производство, промет и дистрибуција;

30. **Контрола на квалитет и безбедност на тутун и тутунски производи** е контрола извршена од страна на надлежните инспектори заради утврдување на присуството на штетни материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) со цел да се превенирааат ризиците од аспект на обезбедување квалитет и безбедност на истите;

31. **Загадувач/контаминент** е секоја состојба што ненаменски е присутна во тутунот и тутунскиот производ како резултат на производство, сушење, преработка и пакување вклучувајќи го и загадувањето од животната средина;

32. **Примерок за анализа** е примерок или количество од тутун и тутунски производи даден за анализа и

33. **Мостри тутун** се репрезентативни примероци на тутун по типови и класи согласно со мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист.

## Член 4

За тутунски производи се сметаат:
а) пури и цигарилоси;
б) цигари и
в) тутун за пушење.

Дефинициите дадени во ставот 1 на овој член ќе бидат употребени за определување на надоместок кој ќе се применува кај различните групи на производи во согласност со Законот за акцизите.

## Член 5

Одредбите на овој закон нема да се однесуваат на зелени делови од тутунското растение, неферментиран или необработен тутун, ферментиран или обработен тутун и производи од тутун наменети за некомерцијален промет во царинската постапка.

# II. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН

## Член 6

Со производство на тутун можат да се занимаваат семејни земјоделски стопанства и правни лица (производители) врз основа на договор за производство и откуп на тутун склучен со правен субјект регистриран за откуп и обработка на тутун (откупувач).

## Член 7

Производителот пред да склучи договор за производство и откуп е должен да го пријави производството на тутун од производната година најдоцна до 31 март во тековната година во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство каде што е седиштето или местото на живеење на производителот независно од местото на извршување на земјоделската дејност.

Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на носителот на земјоделското стопанство - производител на тутун му издава заверен со печат и потпишан евидентен лист за пријавено производство со сите катастарски парцели на кои ќе произведува тутун, по типови и количини на тутун и податоците за издадените евидентни листови ги внесува во единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство воспоставува електронски систем за водење на евиденција на пријавени, евидентирани и договорени површини и количини тутун по производители, откупувачи, по типови на тутун, за секоја реколта поединечно.

Минимално техничките стандарди и услови во поглед на опремата, хардверот, функционалноста на софтверот за електронскиот систем од ставот 3 на овој член, начинот на воведување, користење, одржување и надградба ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема да го издаде евидентниот лист од ставот 2 на овој член доколку производителот не го пријави производството на тутун согласно со ставот 1 од овој член.

Формата и содржината на евидентниот лист, начинот на пријавувањето од ставот 1 на овој член, потребната документација, како и начинот на издавање на евидентниот лист ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 8

Производителите на тутун се должни да употребуваат сертифициран семенски материјал (семенски материјал) од откупувачите на тутун, а обезбеден од регистриран производител на тутунско семе, согласно со закон.

Откупувачот на тутун е должен да обезбеди тутунско семе од регистриран производител на тутунско семе, според договорените површини, во количина најмалку од 90 г/ха за

ориентален тутун, од 40 г/ха за полуориентален тутун и од 20 г/ха за крупнолисни сорти на тутун, а за пелетрирано семе во количина најмалку 250 г/ха за ориентален тутун, 90 г/ха за полуориентален тутун и 40 г/ха за крупнолисни сорти на тутун.

Откупувачот е должен репроматеријалот (семенски материјал и производи за заштита на растенија), да ги обезбеди без надоместок на тутунопроизводителите.

### Член 9

Откупувачот на тутун е должен секоја производна година до 30 мај до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството, да го пријави договореното производство на тутун за тековната реколта во печатена и електронска форма и е должен да ги внесува податоците за договорените тутуни во електронскиот систем на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно член 7 ставови 3 и 4 на овој закон.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот на пријавувањето, формата и содржината на образецот на пријавата за договореното производство на тутун.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција за договореното производство на тутун, за тековната реколта.

### Член 10

Производителот на тутун е должен, целокупниот произведен тутун да го продаде на откупувачот со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутун, а откупувачот е должен да го откупи истиот, под условите предвидени со договорот.

По исклучок од ставот 1 на овој член производителот може да го продаде тутунот на друг откупувач ако договорот е раскинат под условите предвидени со овој закон.

## III. ДОГОВОР ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ОТКУП НА ТУТУН

### Член 11

За производство на тутун, производителот склучува договор за производство и откуп на тутун (договор) со откупувачот на тутун.

За производство и откуп на тутун за една производна година и едно исто производство, производителот не може да склучи договор со повеќе откупувачи.

### Член 12

Договорот се склучува во писмена форма.

За содржината на договорот, откупувачот е должен да побара мислење од највисоката асоцијација на тутунопроизводителите.

Доколку највисоката асоцијација на тутунопроизводители достави негативно мислење за содржината на договорот, откупувачот е должен да ги усогласи договорите според мислењето од највисоката асоцијација на тутунопроизводители во рок од пет дена.

Откупувачот не смее да склучува договор за количини на тутун за кои призводителот има склучено договор со друг откупувач за една производна година и едно исто производство.

Откупувачот може да склучи еден договор со производителот за повеќе типови тутун.

Секој откупувач во евидентен лист за пријавено производство на производителот го впишува и заверува со печат бројот на договорот и договорената количина и е должен да го врати на производителот.

Со производителот кој ќе нема евидентен лист за пријавено производство издаден од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не може да се склучи договор.

Договорот се склучува најдоцна до 10 април во тековната година.

Со производителот може да се склучи нов договор и по рокот од став 6 на овој член, доколку откупувачот паднал во стечај или ликвидација или е избришан од регистарот на откупувачи на тутун.

## Член 13

Договорот од членот 12 на овој закон особено содржи:
- договорни страни;
- предмет на договорот (површина, катастарски парцели, тип, сорта);
- откупна цена на тутунот по класи;
- времетраење на договорот;
- права и обврски на договорните страни;
- надоместок за организирањето и застапувањето на претставникот од здружението на тутунопроизводители при откупот;
- начин и рок на исплата на откупениот тутун;
- одредби за еднострано раскинување на договорот;
- одредби за пренос на договорот;
- одредби за евидентирање на договорот;
- место и време на склучување на договорот;
- авансот и начинот на авансирање и
- заштита на тутунскиот расад и тутунот на нива од болести и штетници.

## Член 14

Авансот од членот 13 на овој закон не може да биде понизок од 15% од просечната откупна цена за договорениот тип постигната во претходната година.

Авансот од ставот 1 на овој член се засметува при исплатата на откупениот тутун. Начинот на авансирање на производството се регулира со договорот.

## Член 15

Договорот се склучува за годишната реколта, а може да биде склучен и за повеќе производни години.

Доколку договорот е склучен за повеќе производни години за секоја производна година, правата, обврските и другите прашања се уредуваат со анекс на договорот за производната година.

## Член 16

Преносот на договорот направен од едната или другата страна е полноважен, ако со тоа се сложи страната која останува во договорот.

Согласноста за преносот на договорот е полноважна, ако е дадена во писмена форма.

Преносот на договорот од ставот 1 на овој член се пријавува во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството.

## Член 17

Договорот престанува:
- со исполнување;
- со истекот на времето на кое е склучен;
- со заемна согласност на договорните страни;
- со еднострано раскинување и
- по сила на законот.

## Член 18

Производителот и откупувачот може еднострано да го раскинат договорот под услови и на начин определени во договорот.

Производителот има право да го раскине договорот, ако за откупувачот има отворено стечај на постапка или е под стечај или е во ликвидација или е избришан од регистарот на откупувачи на тутун.

Раскинувањето на договорот од членот 17 алинеја 3 и ставовите 1 и 2 на овој член, производителот и откупувачот го пријавуваат во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството.

Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството, во евидентниот лист го впишува и заверува со печат раскинувањето на договорот.

## Член 19

За штетата и нејзиниот надомест кој настанува поради еднострaното раскинување на договорот се одговара според општите правила за одговорност на штета.

# IV. ОТКУП, ОБРАБОТКА НА ТУТУН И ПРОМЕТ НА ОБРАБОТЕН ТУТУН

## Член 20

Откуп и обработка на тутун можат да вршат трговски друштва (откупувачи) чија приоритетна дејност е трговија на големо со суров тутун, кои се запишани во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Откупувачите се должни во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство без одложување да ја пријават секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста и да доставaт барање за промена со доказ од Централен Регистар за настанатата промена.

Овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанствово кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на тутун е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член по службена должност да го прибави доказот од Централниот регистар на Република Македонија и да достави барање до Државниот инспекторат за земјоделство да изврши увид во новонастанатата промена.

Овластеното службено лице од Централниот регистар на Република Македонија е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 3 на овој член да го достави бараниот доказ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Инспекторот од Државниот инспекторат за земјоделство е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 4 на овој член да изврши увид и да достави записник до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од став 2 на овој член донесува решение за упис на промените во регистарот на откупувачи, односно решение за одбивање на барањето.

Против решението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од ставот 6 на овој член, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Пред откупот на тутунот од тековната реколта, а најдоцна до 1 ноември откупувачите се должни до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и до Државниот инспекторат за земјоделство да ги пријават локациите на сите откупни пунктови во кои ќе се врши откуп на тутун заради вршење увид за исполнување на условите согласно со овој закон.

Откупувачот е должен најдоцна до почетокот на откупот на тутун како доказ за обезбедени финансиски средства за исплата на целокупната договорена и откупена количина на тутун од тековната реколта во висина според просечната откупна цена од минатата реколта, да обезбеди:
- банкарска гаранција и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека целокупната договорена количина на тутун ќе ја исплати на тутунопроизводителите

или
- финансиски средства на посебна наменска жиро сметка и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност заверена кај нотар дека целокупната договорена количина на тутун ќе ја исплати на тутунопроизводителите и дека средствата од наменската сметка исклучиво ќе се користат за исплата на договорениот тутун или

-финансиски средства наменети исклучиво за откуп на целокупната договорена количина на тутун по основ на договори за кредит од банка со динамика на прилив согласно динамиката на откуп на тутунот и изјава од одговорното лице на откупувачот дадена под материјална и кривична одговорност дека финансиските средства одобрени со договорот за кредит исклучиво ќе бидат наменети за исплата на откупениот тутун.

Откупувачот е должен да отвори откупни пунктови во населени места со договорено производство повеќе од 200 тони тутун.

Откупувачот може да отвори откупни пунктови и во населени места каде што договореното производство е помалку од 200 тони.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун.

## Член 21

Откупувачот треба да ги исполнува следниве услови да:
- располага со простории за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун;
- располага со соодветна и калибрирана опрема за откуп и индустриска обработка на тутун;
- располага со соодветен простор за сместување на обработениот тутун;
- има вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку едно лице со средно образование, од областа на технологијата за производство и обработка на тутун;
- има ликвидност во смисла на расположливи финансиски средства за откуп на тутун и
- има позитивни показатели за оценка на бонитет за последните две години.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги пропишува условите од ставот 1 на овој член.

## Член 22

Правното лице за упис во регистарот на откупувачи на тутун треба да поднесе барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со следнава документација:

- имотен лист или договор за закуп дека располага со просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, како и соодветен простор за сместување на обработениот тутун,

- доказ дека располага со опрема за откуп и индустриска обработка на тутун,

- тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија за вршење

приоритетна дејност трговија на големо со суров тутун,

- образец М1/М2 за вработени лица од Агенцијата за вработување како доказ дека има вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку едно лице со средно образование,

- доказ дека има вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку едно

лице со средно образование од областа на технологијата за производство и обработка на

тутун,

- потврда издадена од Централен регистар на Република Македонија дека не е отворена постапка за ликвидација или стечајна постапка и

- информација за економско финансиска состојба издадена од Централен регистар на

Република Македонија за работењето во претходната година или банкарска гаранција за обезбедени средства за планираниот откуп на тутун.

Овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое ја води постапката за упис во регистарот на откупувачи на тутун е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член по службена должност да ги прибави документите од ставот 1 алинеи 3 и 6 на овој член од надлежниот јавен орган, а кои се потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 21 на овој закон и да достави барање до Државниот инспекторат за земјоделство да изврши увид на исполнетоста на условите од членот 21 на овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани документите од ставот 2 на овој член е должно да ги достави бараните документи во рок од три дена од денот на приемот на барањето, а инспекторот од Државниот инспекторат за земјоделство е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член да изврши увид и записникот за извршениот увид да го достави до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за упис во регистарот на откупувачи на тутун, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за одбивање на барањето од став 4 на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 22-а

Државниот инспекторат за земјоделство кај регистрираните откупувачи, најмалку еднаш во годината врши увид на исполнувањето на условите од членот 21 став 1 на овој закон, а записникот за извршениот увид го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Врз основа на записникот од ставот 1 на овој член Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение го брише запишаниот откупувач од Регистарот од членот 21 на овој закон во следниве случаи:
- по писмено барање од органот на управување на запишаниот откупувач,
- при објавување на ликвидација или отворена стечајна постапка,
- доколку се утврди дека откупувачот дал неточни податоци при запишување во регистарот,
- не ги отвора пријавените откупни пунктови и не врши откуп согласно со овој закон,
- не обезбедува сертифициран семенски материјал согласно со овој закон,
- не врши процена согласно со Правилникот за мерила за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун и
- кога ќе престане да исполнува најмалку еден од условите од членот 21 на овој закон.

Против решението од ставот 2 на овој член откупувачот на тутун може во рок од 15 дена од денот на приемот на истото да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

По конечноста на решението од ставот 2 на овој член, откупувачот се брише од Регистарот.

## Член 23

Откупот на тутунот произведен во тековната година започнува во сите откупни пунктови кои се пријавени согласно член 20 став 4 на овој закон најдоцна од 15 декември во тековната производна година и завршува најдоцна до 15 март во наредната година. За затворањето на откупните пунктови откупувачот доставува писмено известување до Државниот инспекторат за земјоделство.

Откупувачот утврдува план за динамика за планираните количини за откуп на тутунот од тековната реколта по региони и по производители пред почетокот на откуп, по истиот треба да се придржува и е должен писмено со доказ за датум на приемот на известувањето, да ги извести производителите со кои склучил договор, за денот и времето на преземањето на тутунот.

Планот за откуп од ставот 2 на овој член откупувачот го доставува до Државниот инспекторат за земјоделство најдоцна три дена пред почетокот на откупот.

Производителот е должен да го предаде тутунот во ден и време според известувањето доставено од откупувачот согласно ставот 2 на овој член.

## Член 24

Откупот на тутун се врши според мерила за квалитативна и квантитативна процена.

Мерилата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 25

Откупувачот е должен пред почетокот на откупот на тутунот во просториите за откуп да истакне мостри на тутунот по типови и класи согласно со мерилата од членот 24 на овој закон.

Мострите од ставот 1 на овој член мора да бидат верифицирани (заверени), најдоцна до 15 ноември од комисија составена од пет члена од кои, два претставника од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, претставник од откупувачите, претставник од научната установа од областа на тутунот и претставник од највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Верифицираните мостри се подигаат во ист ден од страна на сите откупувачи на тутун по претходно известување од комисијата.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 26

Процената на тутунот ја врши проценувач кој има лиценца за процена на тутун издадена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Формата и содржината на лиценцата од ставот 1 на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За добивање на лиценца од ставот 1 на овој член се полага испит пред комисија што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кандидатите за полагање на испит за лиценца за процена на тутунот треба да бидат:
- со соодветно високо, вишо или средно образование од областа на технологијата за производство и обработка на тутун или со или без работно искуство;
- без соодветно високо образование, а со две години работно искуство, вишо образование со три години работно искуство или средно образование со четири години работно искуство во областа на технологијата за производство и обработка на тутун или
- со несоодветно високо, вишо или средно образование и да е производител на тутун непрекинато најмалку последните пет години.

Начинот на бодување и потребната литература за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 26-а

*Избришан* 4

## I. Начин на спроведување на испитот

## Член 26-а

(1) Испитот се состои од два дела, и тоа:
- прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите и
- втор дел (практичен дел), со кој се проверува способноста за примена на Закон за тутун и тутунски производи и потребната литература согласно член 26 став 5 од овој закон во практика.

(2) Испитот од ставот (1) на овој член се полага писмено по електронски пат со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

(3) Со теоретскиот дел од испитот се врши проверка на кандидатите во познавањето на материјата за испитот.

(4) Со вториот (практичен) дел од испитот се врши директна проверка на кандидатите во познавањето на тутунската суровина за квалитативно и квантитативно проценување при преземањето (откупот) на суровиот тутун во лист.

## Член 26-б

(1) Прашањата од првиот и вториот дел од испитот ги изработува овластена научно-образовна институција од областа на тутунското производство.

(2) Прашањата од првиот дел од испитот и вториот дел од испитот ги верификува Комисија составена од пет преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и овластените установи од областа на тутунското производство.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член врши и ревизија и ажурирање на базите на прашања од првиот дел од испитот најмалку двапати годишно.

(4) При ревизијата Комисијата особено ги има предвид измените на правните прописи на кои е засновано прашањето, односно случајот, бројот на кандидати кои го одговорале, успешноста во одговарањето на истите, како и други критериуми кои можат да влијаат врз подобрувањето на квалитетот на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун.

(5) Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања од првиот дел од испитот, Комисијата одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови.

(6) Членовите на Комисијата за верификација од ставовите (1) и (2) на овој член имаат право на паричен надоместок што го определелува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) Износот на паричниот надоместок од ставот (5) на овој член се определува врз основа на бројот на изготвени прашања и студии на случај, како и сложеноста на материјата.

(8) Годишниот паричен надоместок од ставот (5) на овој член не го надминува нивото на просечна плата исплатена во Република Македонија за претходната година објавена од Државниот завод за статистика.

Научно-образовната институција од ставот 1 на овој член ја овластува министерот доколку ги исполнува следниве услови:
- имаат вработено најмалку две лица со високо образование од областа на земјоделските науки со најмалку двегодишно работно искуство во областа на тутунското производство и
- располагаат со соодветни простории опремени со потребна опрема и тутунска суровина за изведување на практичниот дел од испитот.

5

За овластувањето од став 1 на овој член министерот издава решение.

За добивање на решението од став 2 на овој член научно-образовната институција поднесува барање за овластување кое во прилог ги содржи доказите за исполнување на условите утврдени во став 1 на овој член.

Формата и содржината на барањето од ставот 3 на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Решението за овластување од ставот 1 на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Министерот со решение ќе го одземе овластувањето од овластената научно-образовна институција од областа на тутунското производство ако утврди дека престанала да ги исполнува условите утврдени во ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 4 на овој член, подносителот на барањето може во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## Член 26-в

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на првиот дел од испитот за полагање за добивање на лиценца за процена на тутун ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички го спроведува правно лице регистрирано во Централниот регистар.

На одговорното лице од став 1 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

## Член 26-г

Испитот се полага најмалку еднаш годишно во периодот од 1 октомври до 31 јануари.

## Член 26-д

Барањето за полагање на испитот за полагање за добивање на лиценца за процена на тутун кандидатот го поднесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 26-ѓ

(1) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или од него овластено лице, со решение утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун.

(2) Против решението со кое е одбиено барањето за полагање на испитот, може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

## Член 26-е

(1) На кандидатот на кој му е одобрено барањето за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутун му се определува времето и местото за полагање на испитот, а кандидатот се известува најдоцна во рок од осум дена пред полагањето на испитот.

(2) На кандидатот мора да му се овозможи да започне да го полага испитот во првата наредна сесија од денот на одобреното барање за полагање на испитот.

## Член 26-ж

(1) првиот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит.

(2) Јавноста се информира за датумот и времето на полагањето на првиот дел од испитот најмалку три дена пред одржувањето на првиот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун.

(3) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Министерството за правда и Јавниот радиодифузен сервис.

(4) Правното лице кое го спроведува првиот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун треба да ги исполнува просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на првиот дел од испитот кои услови поблиску ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(5) Во просторијата за полагање на првиот дел од испитот за време на полагање на првиот дел од испитот се присутни двајца претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, еден претставник од Владата на Република Македонија на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата и еден претставник на Министерството за информатичко општество и администрација (информатичар).

(6) На претставниците од ставот (5) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

(7) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(8) Агенцијата за електронски комуникации (во понатамошниот текст АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френкфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(9) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена, и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(10) АЕК формира трichлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.

## Член 26-з

(1) Пред почетокот на полагањето на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го утврдува идентитетот на кандидатот со увид во лична карта.

(2) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува користење на закони, закони со коментар и објаснување, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично.

(3) На кандидатот за време на полагањето на првиот дел од испитот не му се дозволува да контактира со други кандидати или лица освен со информатичарот од членот 26-ж став (5) од овој закон, во случај доколку има технички проблем со компјутерот.

(4) На кандидатот за време на полагањето на вториот дел од испитот му се дозволува единствено користење на законски и подзаконски акти, а не му се дозволува користење на мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства.

(5) Ако техничките проблеми со компјутерот ќе бидат отстранети за пет минути испитот продолжува, а доколку не бидат отстранети во овој рок испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(6) Ако има проблеми со повеќе од пет комјутери и ако тие не бидат отстранети во рок од пет минути испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(7) Доколку кандидатот при полагањето на првиот дел од испитот постапува спротивно од ставовите (2), (3) и (4) на овој член нема да му се дозволи натамошно полагање на испитот во таа испитна сесија и му се изрекува забрана за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун во траење од три години, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(8) Овластените претставници од членот 26-ж став (5) од овој закон за време на полагањето на испитот не смеат да се задржуваат подолго од пет секунди во непосредна близина на кандидатот кој го полага испитот, освен во случај на отстранување на технички проблем кога не смеат да се задржат подолго од пет минути.

(9) Во случаите од ставот (7) на овој член се смета дека кандидатот не го положил испитот за добивање на лиценца за процена на тутун и истото се констатира во записникот за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун.

## Член 26-ѕ

(1) Ако во текот на полагањето на испитот настанат оправдани причини поради кои кандидатот не може да го продолжи полагањето на испитот (болест, породилно отсуство, школување во странство и слично), ќе се прекине испитот за определено време, кое не може да биде подолго од шест месеци.

(2) Решение за продолжување на испитот донесува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство по молба на кандидатот. Молбата се поднесува во рок од осум дена од престанокот на причините за одлагање на испитот, но најдоцна во рок од шест месеци.

(3) Ако кандидатот не поднесе молба за продолжување на испитот во рокот определен во ставот (2) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

(4) Против решението на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од ставот (2) на овој член кандидатот може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(5) Во продолжувањето на испитот кандидатот не го полага оној дел од испитот што претходно веќе го има полагано.

## II. Прв и втор дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун

### Член 26-и

(1) Испитот за добивање на лиценца за процена на тутун започнува со полагање на првиот дел (теоретскиот дел), а потоа на вториот дел (практичен дел).

### Член 26-ј

(1) Првиот дел од испитот се полага за секоја соодветна област и содржи најмалку десет прашања со пет опции за заокружување од кој една е точна, две се слични, една не е точна во мал обем (на неа се губат мал број поени) и една не е точна во голем обем (на неа се губат поголем број поени).

(2) Доколку кандидатот не го положил првиот дел од испитот согласно со ставот (1) на овој член ќе се смета дека испитот не го положил.

### Член 26-к

Стручните, административните работи и просторните услови за потребите на спроведување на вториот дел од испитот согласно член 26-а став 4 на овој закон ги вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и научно-образовна институција од областа на тутунското производство, врз основа на договор за институционална соработка.

### Член 26-л

Полагањето на првиот дел од испитот се врши со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

Прашањата од тестот, зависно од тежината, се вреднуваат со поени определени во тестот.

Прашањата содржани во тестовите за полагање на првиот дел на испитот и нивните одговори, се чуваат во електронски систем за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутун.

Електронскиот систем од ставот 4 на овој член содржи и јавно достапна база од најмалку 100 прашања. 6

Во електронскиот систем е содржано и посочување на прописите и стручната литература во кои се содржани одговорите на прашањата од првиот дел од испитот.

Бројот на прашања во базите од ставот 4 на овој член се зголемува за 5% годишно, почнувајќи од 2015 година.

Резултатите од полагањето на првиот дел од испитот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал испитот, веднаш по неговото завршување.

## Член 26-љ

(1) На денот на полагањето на првиот, дел од испитот претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство му дава на кандидатот пристапен код, односно лозинка со кој му се одобрува пристап во електронскиот систем од членот 26-л од овој закон.

(2) По одобрувањето на пристапот кандидатот добива електронски тест за првиот дел од испитот,, компјутерски генерирани, чија содржина по случаен избор ја одредува софтверот на електронскиот систем од членот 26-л став (5) од овој закон, од базите од членот 26-л став (6) од овој закон.

(3) Првиот дел од испитот содржат упатство за начинот на решавање на истиот за кое претставникот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава појаснување пред да започне полагањето на испитот.

(4) Електронскиот систем за полагање на испитот не може да дозволи постоење на идентична содржина на електронски тест за првиот дел од испитот, во една сесија за повеќе од еден кандидат.

## Член 26-м

(1) Во случај на спреченост на спроведување на првиот дел од испитот, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем од членот 26-л од овој закон, полагањето на испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член се отстранат во рок од 60 минути од прекинувањето на испитот истиот продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член не се отстранат во рокот од ставот (2) на овој член испитот се презакажува за друг термин.

## Член 26-н

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од првиот дел од тестот за полагање на испитот изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од тестот постигнал најмалку 51% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

## Член 26-њ

(1) Вкупното траење на времето определено за одговарање на прашањата од секој од практичниот пример од вториот дел изнесува 120 минути.

(2) Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој со точни одговори на прашањата од практичниот дел постигнал најмалку 51% од вкупниот број предвидени позитивни поени.

# III. Лиценца, ревизија на спроведените испити и трошоци

## Член 26-о

На барање на кандидатот Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство го информира за направените грешки во тестот за полагање на првиот дел од испитот, со овозможување непосреден увид во тестот.

## Член 26-п

(1) Тестовите и практичните примери се користат и се даваат на кандидатот само за време на полагањето на испитот.

(2) Материјалите од одржаните испити, особено хартиените верзии од тестовите и спецimenите за проверка на точноста на одговорите од првиот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун, како и снимките од одржаните испити се чуваат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Материјалите од одржаните испити од вториот (практичен дел) од испитот особено хартиените верзии од прашањата, оцените и вкупните бодови за одговорите од вториот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун, се чуваат во научно-образовната институција од областа на тутунското производство, врз основа на договор за институционална соработка согласно членот 11 на овој закон.

(4) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство формира Комисија за ревизија на одржаните испити која во својата работа ги користи материјалите од ставови (2) и (3) на овој член и во која, покрај другите членови, членуваат и претставник од Владата на Република Македонија и информатичар од Министерството за информатичко општество и администрација определен од Владата на Република Македонија.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно член 26 од овој закон за што доставува извештај до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(6) На членовите на комисијата од ставот (4) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение.

7

(7) Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува најмалку еднаш годишно и врши ревизија на начинот на спроведување на најмалку две сесии одржани во тековната година.

(8) Комисијата има право да изврши ревизија и на начинот на спроведување на испитите одржани во последните пет години до денот на одржувањето на состанокот на комисијата, но не порано од денот на примена на овој закон.

(9) Доколку Комисијата утврди нерегуларности во спроведувањето на испитот од страна на поединци во смисла на членот 26- в став (5) од овој закон, предлага одземање на лиценцата од членот 26 од овој закон.

(10) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува решение за одземање на лиценцата врз основа на предлогот на Комисијата во рок од три дена од приемот на предлогот.

(11) Против решението од ставот (7) на овој член може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.

## Член 26-р

(1) Трошоците за полагање на испитот ги сноси кандидатот.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член ја определува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на реално направените трошоци за полагање на испитот, неопходни за спроведување на првиот и вториот дел на испитот, подготовката на базите на прашања, спроведувањето на електронскиот тест, изготвување на материјали и покани и изготвување на лиценци за процена на тутун.

(3) Трошоците за полагање на испитот се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(4) Ако трошоците не се уплатени на соодветна сметка на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна 15 дена пред денот определен за почеток на испитната сесија, на кандидатот нема да му се дозволи полагање на испитот.

(5) Ако кандидатот во рок од една година од денот на уплатата на средствата не го полага испитот, уплатените средства се враќаат согласно со закон.

Трошоците за активностите на научно-образовната институција кои ќе бидат утврдени со договорот за институционална соработка од членот 26-к на овој закон, паѓаат на товар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ако во текот на годината нема пријава на кандидати за полагање на испитот.

## Член 27

Проценувачот, процената ја врши во просторијата наменета за откуп на тутун.

Проценувачот, процената на тутунот ја врши јавно во присуство на производителот и претставникот на здружението кој има лиценца.

Највисоката асоцијација на тутунопроизводители - Сојуз на здруженија на тутунопроизводители е должна да обезбеди постојано присуство на претставник при процената на тутунот.

Надоместокот за организирањето и застапувањето на претставникот од здружението на тутунопроизводители при откупот на тутунот е на товар на производителот, го засметува откупувачот при исплатата на откупениот тутун и го уплатува на сметката на највисоката асоцијација на тутунопроизводители.

Висината на надоместокот од ставот 3 на овој член во зависност од фактичките реални трошоци за организирање и застапување на претставникот од здружението ја определува највисоката асоцијација на тутунопроизводители пред почетокот на откупот на тутунот, по претходна согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 28

Проценувачот ги одредува типот и класата на тутунот според мострите од членот 25 на овој закон, количината (бруто и нето тежина), одбитоците и спорниот тутун, ги објавува јавно и ги забележува во книгата за процена што ја води откупувачот.

Производителот добива од откупувачот заверена дневна потврда за предадениот тутун во која е наведена бруто и нето тежина, дара и одбитоци (песок и влага) и податоци за спорен тутун по класа и килограми.

Формата, содржината и начинот на водење на книгата за процена и дневната потврда за предадениот тутун ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 29

Производителот или претставникот на Сојузот на здруженијата на тутунопроизводители може да даде приговор за процената во однос на квалитетот и квантитетот на тутунот за откуп во моментот на предавањето на тутунот.

Откупувачот е должен тутунот кој е предмет на приговорот од ставот 1 на овој член да го прими и да го евидентира во книгата за приговори и писмено истиот ден да го пријави до комисија за повторна процена формирана од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подрачјето каде што се откупува тутунот. Производителот е должен спорниот тутун да го остави во откупниот пункт каде што е извршена процената.

Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од по еден претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, откупувачот и здружението на тутунопроизводители. Претставникот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е претседател на комисијата.

Членовите на комисијата мора да ги исполнуваат условите за проценувач од членот 26 на овој закон. Откупувачот и Сојузот на здруженијата на тутунопроизводители се должни да обезбедат претставници за работа на комисијата.

Комисијата од ставот 2 на овој член во рок од еден ден од денот на приемот на приговорот врши повторна процена на оспорениот тутун и за својата работа води записник.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови и одлуката за процената на комисијата е конечна и се заведува во книгата за приговори. Откупувачот и производителот не смеат да ја попречуваат работата на комисијата.

Комисијата од ставот 2 на овој член за случаите од членот 26-а на овој закон доставува предлог за одземање на лиценцата до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Формата, содржината и начинот на водење на книгата за приговори ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 30

Откупувачот е должен да води посебна евиденција за откупените и обработените количини на тутун од тековната реколта.

Начинот на водењето, доставувањето на евиденцијата и формата и содржината на образецот на евиденцијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Откупените количини на тутун од тековната реколта, откупувачот е должен да ги пријави во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до крајот на месец април во наредната година.

По барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, откупувачот е должен да достави податоци за тековните откупени и обработени количини.

## Член 31

Производителот е должен при транспортот на произведениот суров тутун во лист до просториите од членот 21 на овој закон, да носи договор и евидентен лист за пријавено производство заверен од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и од откупувачот.

Откупувачот е должен при транспортот на откупените количини до местото на складирање, да носи соодветен документ (испратница по откупни класи и број на бали), со кој ќе докаже дека тутунот е откупен.

## Член 32

Се забранува купување, прекупување, продажба и препродажба на суров тутун во лист или режан тутун спротивно на одредбите на овој закон.

## Член 33

Се забранува извоз на необработен суров тутун неманипулиран во индустриски класи и непакуван во тонга бали или во картонски кутии.

## Член 34

Промет на обработен тутун, извоз и увоз може да вршат правни лица регистрирани за промет, извоз и увоз во трговскиот регистер.

За промет, извоз и увоз на обработениот тутун се издава уверение за квалитет согласно со членот 57 став 1 на овој закон.

# V. ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ГОЛЕМО СО ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 35

Производство на тутунски производи можат да вршат правни лица регистрирани во трговскиот регистар за вршење на дејност производство на тутунски производи и запишани во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи што го води Министерството за економија.

Правните лица од ставот 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови да:
- располагаат со инсталирана опрема која им овозможува да ги изработат сите фази на производството од подготовка и режење на тутунот до изработка и хигиенско пакување на производот;
- располагаат со соодветна лабораторија за анализа и контрола на квалитетот на тутунските производи;
- располагаат со соодветен простор за сместување на тутун и тутунски производи и
- имаат вработено најмалку едно лице со високо образование (агроном, технолог) во производството и надзорот над квалитетот.

Условите од ставот 2 алинеи од 1 до 3 на овој член ги пропишува министерот за економија.

## Член 36

Промет на тутунски производи, извоз и увоз, можат да вршат правни лица регистрирани во трговскиот регистар за вршење на дејност извоз и увоз на тутунски производи и запишани во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи што го води Министерството за економија.

За промет, извоз и увоз на тутунски производи се издава сертификат за квалитет и безбедност согласно со членот 58 став 3 на овој закон.

Правните лица од ставот 1 на овој член треба да ги исполнуваат следниве услови да:
- располагаат со соодветен магацински простор;
- располагаат со соодветна опрема за складирање и
- имаат вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку една година работно искуство во трговијата со тутун.

Условите од ставот 2 алинеи 1 и 2 на овој член ги пропишува министерот за економија.

## Член 37

Производителот, извозникот и увозникот на тутунски производи се должни на пропишан образец да поднесат барање до Министерството за економија за запишување во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи.

Овластеното службено лице од Министерството за економија кое ја води постапката за упис во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот 1 на овој член по службена должност да ги прибави доказите и документите за исполнетост на условите од членовите 35 став 2 алинеја 4 и 36 став 3 алинеја 3 од овој закон од надлежниот јавен орган и да достави барање до Државниот пазарен инспекторат да изврши увид за исполнетост на овие услови.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и документите од ставот 2 на овој член е должно да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето, а инспекторот од Државниот пазарен инспекторат е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот 2 на овој член да изврши увид и записникот за извршениот увид да го достави до Министерство за економија.

Министерството за економија донесува решение за упис во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи, односно решение за одбивање на барање за упис во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на Министерството за економија за одбивање на барањето за упис од ставот 4 на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член како и потребните докази и документација за утврдување на исполнетоста на условите од членовите 35 и 36 од овој закон ги пропишува министерот за економија во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

# VI. РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ И РЕГИСТАР НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 38

Министерството за економија води регистар за:
- производители, извозници и увозници на тутунски производи и
- марки на тутунски производи.

Во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи се запишуваат производителите, извозниците и увозниците на тутунски производи.

Во регистарот на марки на тутунски производи се запишуваат марките на тутунските производи кои се ставаат во промет во Република Македонија.

Производителите, извозниците и увозниците на тутунски производи се должни во Министерството за економија без одложување да ја пријават секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста.

Производителот, односно увозникот на тутунски производи е должен на пропишан образец да поднесе барање за запишување во регистарот на марки на тутунски производи за секој тутунски производ што е во промет или кој треба да биде ставен во промет на пазарот во Република Македонија.

Министерот за економија ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставот 1 на овој член, како и содржината на образецот на барањето од ставот 5 на овој член.

### Член 39

Производителите на тутунските производи, увозниците и извозниците на тутунските производи се должни да водат евиденција за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи.

Правните лица од ставот 1 на овој член должни се да доставуваат до Министерството за економија известување за состојбите од ставот 1 на овој член.

Содржината, обликот и начинот на водење евиденција од ставот 1 на овој член, како и на известието од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот за економија.

## VII. СЛЕДЕЊЕ НА УПОТРЕБА НА ДОДАТОЦИ ВО ТУТУНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

### Член 40

Тутунските производи и тутунот за пушење не смеат да содржат никакви забранети адитиви, непознати супстанции, штетни материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки).

Адитивите дозволени да се користат во производство на тутунски производи и тутунот за пушење, нивната точна цел на употреба и односните услови за хигиена ги пропишува министерот за здравство во листа на дозволени адитиви.

Листата на забранети адитиви ја пропишува министерот за здравство.

Производителите и увозниците на тутунските производи по барање на Министерството за здравство се должни да достават на пропишан образец податоци за адитивите кои се користат во изработката на тутунските производи и тутунот за пушење.

Формата и содржината на образецот од ставот 4 на овој член, начинот на неговото доставување и користењето на податоците ги пропишува министерот за здравство.

Домашните и увезените цигари не смеат да содржат адитиви кои не се дозволени во Република Македонија.

Нема да се поднесува барање за употреба на природните делови на суровиот тутун.

Начинот на мерење на штетни материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки), како и начинот и методите на земање примероци за утврдување на штетните материи и други загадувачи/контаминенти (физички, хемиски и биолошки) во тутунските производи ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со министерот за здравство.

### Член 41

Цигарите што се пуштени во промет не смеат да содржат повеќе од:
- 10 мг катран/цигара,
- 1 мг никотин/цигара и
- 10 мг јаглероден моноксид/цигара.

Забраната од ставот 1 на овој член не се однесува на производството на цигари што се наменети за извоз во државите во кои оваа забрана не постои.

Податоците од ставот 1 на овој член мора да бидат втиснати на бочната страна на пакувањето и да покриваат најмалку 10% од страната на која се втиснати, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик најмалку 12% од страната на која се втиснати.

## Член 42

Се забранува пуштање во промет на цигари што на пакувањето немаат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во милиграми по цигара, предвидени со членот 41 став 1 на овој закон.

## Член 43

На пакувањето на тутунските производи и на секоја надворешна амбалажа, со исклучок на провидните опаковки и транспортните кутии, што се пуштаат во промет треба да бидат втиснати следниве информации:
1) име на тутунскиот производ;
2) опис на тутунскиот производ: цигара, пура, цигарилос, тутун за луле, тутун за цигари, тутун за џвакање и тутун за шмркање;
3) име на производителот и увозникот што овозможува идентификација и адреса;
4) број на парчиња (цигари, пури, цигарилоси) или тежина (тутун за конзумирање, за шмркање, тутун за џвакање);
5) во случај на цигари, квантитативните вредности на катран, никотин и јаглерод моноксид во основниот чад, и тоа:
- "Катран X мг/цигара" (каде што X е заокружен цел број);
- "Никотин Y мг/цигара" (каде што Y е број заокружен на прва децимална точка) и
- "Јаглероден моноксид Z мг/цигара" (каде што Z е заокружен цел број);
6) сериски број или еквивалент што ќе овозможи да се одреди местото и датумот на производството на тутунскиот производ и
7) предупредување за здравјето (со исклучок на бурмутот и тутунот за џвакање):
а) општо предупредување (на предната страна):
- пушењето убива / пушењето може да убие или
- пушењето е штетно за вас и за луѓето околу вас и
б) дополнително предупредување (на задната страна):
- пушачите умираат помлади;
- пушењето предизвикува болести на срцето и инфаркт;
- пушењето предизвикува рак на белите дробови;
- пушењето за време на бременост му штети на вашето бебе;
- заштитете ги децата, не дозволувајте да вдишуваат чад;
- вашиот лекар може да ви помогне да се откажете од пушењето;
- пушењето е болест на зависност;
- со престанувањето со пушење ќе го смалите ризикот од сериозни болести;
- пушењето може да предизвика бавна и болна смрт;
- побарајте помош за да престанете да пушите;
- пушењето може да го намали протокот на крв и да предизвика импотенција;
- пушењето предизвикува стареење на кожата;
- пушењето може да ја намали плодноста и
- чадот од цигарите содржи бензен, нитросамин, формалдехид и цијановодород.
в) дополнително предупредување со слика (на задната страна) од која е јасно видливо штетното дејство на пушењето преку која е отпечатена една од пораките од потточката б) на овој став.

Информациите од ставот 1 на овој член со исклучок на точките 1 и 6, освен на македонски јазик и кирилското писмо можат да бидат напишани и на друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, во зависност од процената на производителот или увозникот.

Општото предупредување мора да покрива најмалку 30% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 40% вклучувајќи ја и рамката

на задната страна на соодветната површина на единечното пакување на тутунскиот производ на која е втиснато.

Доколку информациите од ставот 3 на овој член се пишуваат покрај на македонскиот уште на еден јазик, општото предупредување мора да покрива најмалку 32% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 45% на задната страна на соодветната површина на единечното пакување на тутунскиот производ на која е втиснато.

Примената на општото и дополнителното предупредување треба да биде наизменична (ротирачка) на начин да гарантира редовна појава на сите предупредувања, т.е. да овозможи секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини.

## Член 44

Пакувањата од тутунски производи, со исклучок на цигарите, чија најдобро видлива површина е поголема од 75 см2 мора да ги содржи предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон, кои ќе покриваат најмалку површина од 22,5 см2 на предната и 22,5 см2 на задната страна на пакувањето, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик, најмалку површина од 24 см2 на предната и 24 см2 на задната страна на пакувањето.

## Член 45

Текстовите на предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон мораат да бидат втиснати:
1) со болдирани, мали (освен првата буква од пораката и таму каде што е потребно поради соодветните граматички правила), во црни букви, Хелветика фонт, на бела позадина;
2) на дел на пакувањето кој не е наменет за отворање или фрлање при отворање на пакувањето;
3) во средината на површината на која се бара да биде отпечатен текстот треба да биде и паралелен со работ на врвот од секое пакување и
4) така што да не е можно да се отстранат или уништат, ниту да се сокријат со потемнување или со покривање со други натписи или симболи.

Големината на буквите за секое предупредување на пакувањата на тутунските производи и сликите треба да биде определена на тој начин, што во најголема можна мера ќе ја покрива површината на просторот, кој е пропишан во членот 43 ставови 3 и 4 и во членот 44 од овој закон за таквите предупредувања.

Текстовите на податоците од членот 41 став 1 на овој закон и предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон мора да бидат ставени во рамка, при што ширината на рамката не може да биде помала од 3 мм, ниту поголема од 4 мм.

Предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон не смеат да бидат отпечатени на контролната маркица залепена на пакувањето на тутунскиот производ.

Предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон можат да бидат втиснати и на налепница, под услов налепницата да не може да се отстрани.

Одредбата од ставот 5 на овој член не се однесува на пакувањето на цигари.

Сликите од штетното дејство на тутунот од членот 43 став 1 точка 7 потточка в) на овој закон ќе ги пропише министерот за здравство.

## Член 46

Не е дозволено впишување на пакувањето на тутунските производи на текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид е помалку штетен од другите (на пример: Low tar, light, mild, ultra light, односно малку катран, лесен, благ, ултра лесен и други слични ознаки).

# VIII. ПРОМЕТ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 47

Се забранува ставање во промет на тутун за орална употреба.

## Член 48

Тутунските производи коишто ги содржат податоците во согласност со одредбите на овој закон и со пријавените податоци внесени во регистрациониот лист од регистарот на марки од членот 38 став 3 на овој закон, можат да се пуштат во прометот на пазарот на Република Македонија.

## Член 49

Се забранува продажба на одделни цигари и/или други тутунски производи надвор од оригиналното пакување на производителот, со исклучок на пурите.

# IX. ФИНАНСИРАЊЕ

## Член 50

За финансирање на активностите во примарното тутунско производство и за промоција на извозот, средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## Член 51

Средствата за финансирање од членот 50 став 1 на овој закон ќе се користат согласно со програмите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

## Член 52

*Избришан* 10

## Член 53

*Избришан* 11

## Член 54

*Избришан* 12

## Член 55

*Избришан* 13

## Член 56

*Избришан* 14

# X. КОНТРОЛА

## Член 57

Контрола на квалитетот на обработениот тутун при извоз и увоз врши Државниот инспектор за земјоделство.

Анализа на земените примероци од страна на државниот инспектор за земјоделство за контрола на квалитетот врши акредитирана лабораторија од областа на тутунот од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија која поднесува извештај за квалитет до Државниот инспекторат за земјоделство.

Врз основа на извештајот од ставот 2 на овој член, Државниот инспектор за земјоделство издава уверение за квалитет.

Трошоците за контрола на квалитетот и за анализа се на товар на правното лице од член 34 на овој закон.

По добивањето на резултатите, доколку барателот не е задоволен, во рок од 24 часа по нивното примање може да поднесе приговор до акредитирана лабораторија од областа на тутунот која ги вршела испитувањата. Лабораторијата е должна најдоцна во рок од три дена да се изјасни по приговорот.

Начинот на вршење на контрола на квалитетот на тутунот, формата и содржината и начин на издавање на уверението од ставот 2 на овој член, како и начинот и методите на земање примероци за анализа на квалитет на тутунот ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. 15

## Член 58

Контрола на квалитетот и безбедноста на тутунските производи при извоз и увоз врши државниот инспектор за земјоделство.

Содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во основниот чад на цигарата треба да биде проверена и потврдена од акредитирана лабораторија согласно со прописите за акредитација.

Акредитираната лабораторија ќе ги утврди измерените податоци во споредба со содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во тутунските производи наведени на пакувањето на тутунските производи и поднесува извештај за квалитет на тутунските производи до Државниот инспекторат за земјоделство.

Врз основа на извештајот од ставот 3 на овој член, Државниот инспектор за земјоделство издава уверение за квалитет на тутунските производи.

Утврдувањето на содржината на катран, никотин и јаглерод моноксид кај цигарите се врши врз основа на меѓународно признати стандарди ISO 4387 за содржината на катран, ISO 3400 или ISO 10315 за содржината на никотин и ISO 8454 за содржината на јаглерод моноксид.

Адекватноста на содржината на катран, никотин и јагленород моноксид наведени на пакувањето ќе се потврдат во согласност со стандардот ISO 8243.

## Член 58-а

Државниот инспекторат за земјоделство спроведува мониторинг кај домашниот производител и увозникот на цигари. Мониторингот е задолжителен најмалку еднаш во календарска година и со него се вршат мерење на состојките од членовите 40 и 41 на овој закон.

Домашниот производител и увозник на цигари се должни да извршат мерење на состојките од членовите 40 и 41 на овој закон во акредитирана лабораторија на сите регистрирани марки цигари од секоја произведена, односно увезена партија пред пуштање во промет.

Трошоците за контрола на квалитетот и мерење на состојките од членовите 40 и 41 на овој закон се на товар на производителот, односно увозникот на цигари.

По добивањето на резултатите, доколку производителот односно увозникот не е задоволен во рок од 24 часа по нивното примање може да поднесе приговор до акредитирана лабораторија која ги вршела испитувањата која е должна најдоцна во рок од три дена да се изјасни по приговорот.

Начинот на вршење на контрола на квалитетот и безбедност на мерењето на состојките од членовите 40 и 41 на овој закон, формата, содржината и начинот на издавање на уверението од членот 58 став 3 на овој закон, како и начинот и методите на земање примероци за анализа на квалитетот на тутунските производи ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

# XI. НАДЗОР

## Член 59

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија.

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот пазарен инспекторат.

## Член 60

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе го забрани прозводството, прометот на обработениот тутун, извозот, увозот и пуштањето во промет на тутунските производи, ако:
1) утврди дека производителот на тутун врши производство без да склучи договор за производство и откуп на тутун со откупувачот (член 6);
2) утврди дека производителот пред да склучи договор за производство и откуп не го пријави производството на тутун од производната година во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, според седиштето или местото на живеење (член 7 став 1);
3) производителот на тутун нема заверен евидентен лист за катастарските парцели од подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на кои ќе врши производство на тутун (член 7 став 2);
4) производителот на тутун не употребува семенски материјал од откупувачите на тутун, а обезбеден од регистриран производител на тутунско семе, согласно со закон (член 8);
5) производителот и откупувачот при транспортот на тутунот ги немаат потребните документи согласно со членот 31 на овој закон;
6) производителот, извозникот или увозникот стави во промет обработен тутун без сертификат за квалитет (член 34 став 2);
7) производителот, извозникот или увозникот стави во промет тутунски производи без сертификат за квалитет и безбедност (член 36 став 2);
8) во промет се ставени цигари што на пакувањето немаат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во смисла на членот 48 став 1 од овој закон (член 42);
9) производителот или увозникот не обезбеди мерење на состојките од членот 41 став 1 на овој закон на сите регистрирани марки цигари пред пуштање во промет (член 58-а став 2) и
10) во промет е ставен тутун за орална употреба.

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за привремено одземање на тутунот од ставот 1 точка 5 на овој член и задолжително го предаде на најблискиот откупувач на тутун.

Откупувачот на тутунот од ставот 2 на овој член е должен да го преземе привремено одземениот тутун на начин предвиден за редовен откуп на суров тутун во лист.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 61

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана на откуп и/или обработка на тутун, производство и промет на обработен тутун во траење од шест месеци, ако:
1) откупувачот не обезбеди сертифициран семенски материјал од регистриран производител на тутунско семе (член 8);
2) откупувачот не е запишан во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 20 став 1) и
3) откупувачот не ги исполнува условите од членот 21 став 1 на овој закон.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 62

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение со кое ќе нареди во определен рок да се отстранат утврдените недостатоци, ако:
1) откупувачот не ја пријави секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста (член 20 став 2);
2) не започне со откуп на сите откупни пунктови во предвиден рок и не достави писмено известување за затворањето на откупните пунктови до Државниот инспекторат за земјоделство (член 23 став 1);
3) откупувачот не утврди динамика на откуп на тутунот од тековната реколта, односно не се придржува кон истата (член 23 став 2);
4) откупувачот пред почетокот на откуп на тутун во просториите за откуп не истакне мостри на тутунот по типови и класи (член 25 став 1);
5) откупувачот процената на тутунот не ја врши со проценувач кој ги исполнува условите од одредбите на членот 26 став 1 од овој закон;
6) проценувачот процената не ја врши во просторија наменета за откуп на тутун јавно, во присуство на производителот и претставникот на здружението на тутунопроизводители кој има лиценца (член 27);
7) откупувачот не води книга за процена на тутун (член 28) и
8) откупувачот на тутун не води посебна евиденција за откупените количини на тутун од тековната реколта и истите не ги пријави во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и на барање на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не достави податоци за тековните откупени количини на тутун (член 30 ставови 1, 3 и 4).

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 62-а

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 26-г од овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со членот 26-з став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 26-з став (5) од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 26-з став (9) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членот 26-в од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 26-ѕ ставови (5) и 6 од овој закон.

## Член 63

Државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе забрани:
1) вршење на дејност производство на тутунски производи во траење од 30 дена и привремено да ги одземе тутунските производи, доколку утврди дека производителот на тутунски производи врши производство без да е запишан во регистарот на производители на тутунски производи (член 35 став 1);
2) вршење на дејност производство на тутунски производи во траење од 30 дена и привремено да ги одземе тутунските производи, доколку утврди дека производителот на тутунски производи врши производство без да ги исполнува условите од членот 35 став 2 на овој закон;
3) вршење на дејност извоз или увоз на тутунски производи во траење од 30 дена и привремено да ги одземе тутунските призводи, доколку утврди дека извозникот или увозникот на тутунски производи врши извоз или увоз без да е регистриран во регистарот за производители, извозници и увозници на тутунски производи што го води Министерството за економија (член 36 став 1);
4) вршење на дејност извоз или увоз на тутунски производи во траење од 30 дена и привремено да ги одземе тутунските производи, доколку утврди дека извозникот или увозникот на тутунски производи врши извоз или увоз без да ги исполнува условите од членот 36 став 2 на овој закон;
5) вршење на производство, односно увоз во траење од 30 дена на тутунските производи што не се запишани во регистарот на марки на тутунски производи и привремено да ги одземе истите (член 38 став 5);
6) во промет се ставени цигари спротивно на одредбите од членот 48 став 1 на овој закон и
7) вршење продажба на одделни цигари и/или други тутунски производи надвор од оригиналното пакување на производителот, во траење од 30 дена и привремено да ги одземе истите доколку утврди дека продажбата се врши надвор од оригиналното пакување на производителот, со исклучок на пурите (член 49).

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

За одземените тутунски производи во случаите од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор е должен да издаде потврда.

Привремено одземените тутунски производи од ставот 1 на овој член задолжително се предаваат на надлежниот суд.

## Член 64

Државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе нареди во определен рок да се отстранат утврдените недостатоци, ако:
1) производителите, извозниците и увозниците на тутунски производи до Министерството за економија не ја пријавиле промената на името, адресата, седиштето или дејноста (член 38 став 4) и
2) производителите, извозниците и увозниците на тутунски производи не водат евиденција за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи (член 39 став 1).

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за економија.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 65

Државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана за пуштање во промет на тутунските производи и ќе определи рок за отстранување на утврдените недостатоци, ако:
1) употребува забранети адитиви (додатоци) или употребува адитиви кои не се одобрени од министерот за здравство во производството на тутунски производи (член 40);
2) податоците од членот 41 став 1 на овој закон не се втиснати на бочната страна на пакувањето и не покриваат најмалку 10% од страната на која се втиснати, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик најмалку 12% од страната на која се втиснати (член 41 став 3);
3) на пакувањето на цигарите не се содржани информациите од членот 43 став 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој закон;
4) на пакувањето на цигарите не се напишани информациите на јазик како што е определено во членот 43 став 2 на овој закон;
5) општото предупредување не покрива најмалку 30% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 40% вклучувајќи ја и рамката на задната страна. Доколку информациите се пишуваат покрај на македонскиот уште на еден јазик општото предупредување мора да покрива најмалку 32% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 45% на задната страна (член 43 ставови 3 и 4);
6) општото и дополнителното предупредување не се применува наизменично (ротирачки) на начин што ќе гарантира редовна појава на сите предупредувања, т.е. да овозможи секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини (член 43 став 5);
7) пакувањето на тутунските производи, чија најдобро видлива површина е поголема од 75 см $^{2}$ не ги содржи предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон, кои не покриваат најмалку површина од 22,5 см2 на предната и 22,5 см2 на задната стана на пакувањето, а ако се употребува покрај македонскиот уште на еден јазик, најмалку површина од 24 см2 на предната и 24 см2 на задната страна на пакувањето (член 44);
8) текстовите на предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон не се втиснати на начин определен во членот 45 став 1 на овој закон;
9) текстовите на податоците од членот 41 став 1 на овој закон и на преупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон не се ставени во рамка или се ставени, при што ширината на рамката е помала од 3 мм, а поголема од 4 мм (член 45 став 3);
10) текстовите на предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон се на контролната (даночната) маркица која е залепена на пакувањето на тутунскиот производ (член 45 став 4);
11) предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон се втиснати на налепница која може да се отстрани (член 45 став 5) и
12) на пакувањето на тутунските производи се впишуваат текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид е помалку штетен од другите (на пример: low tar, light, mild, ultra light, односно малку катран, лесен, благ, ултра лесен и други слични ознаки) ( член 46).

Доколку правното лице не постапи по решението и во дадениот рок не ги отстрани утврдените недостатоци државниот инспектор за земјоделство ќе донесе решение за забрана на вршење на дејноста производство на тутунски производи, во траење од 30 дена.

Со решението од ставот 1 на овој член државниот инспектор за земјоделство привремено ќе ги одземе тутунските производи до донесувањето на одлука на надлежниот суд.

Одземените тутунски производи се предаваат на надлежниот суд.

За одземените тутунски производи државниот инспектор за земјоделство издава потврда.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до посебна комисија од три члена именувана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Жалбата изјавена против решението од ставот 1 на овој член не го одлага неговото извршување.

## Член 65-а

Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство утврди дека за прв пат е сторена неправилност од членовите 68-а и 69-б на овој закон е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 15 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Едукацијата ја организира и спроведува инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

Доколку инспекторот при Државниот инспекторат за земјоделство при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот 1 на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Државниот инспекторат за земјоделство води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 65-б

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за земјоделство за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на унифициран квартален преглед.

# XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 66

Глоба во износ од 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
1) врши производство на тутун без да склучи договор за производство и откуп со откупувачот (член 6);
2) не употребува семенски материјал од откупувачите на тутун обезбеден од регистриран производител на тутунско семе (член 8 став 1);
3) не обезбеди семенски материјал од регистриран производител на тутунско семе во предвидените количини (член 8 став 2);
4) не е запишан во регистарот на откупувачи (член 20 став 1);
5) не обезбеди соодветен документ од банкарска институција за договорените количини на тутун од тековната реколта (член 20 став 5);
6) не ги исполнува условите од членот 21 на овој закон;
7) не поднесе барање за запишување во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 22 став 1);
8) откупот не го врши според мерилата за квалитативна и квантитативна процена (член 24 став 1);
9) процената на тутунот ја врши проценувач кој нема лиценца (член 26 став 1);
10) не обезбеди постојано присуство на претставник при процената на тутунот (член 27 ставови 2 и 3);
11) нема обезбедено книга согласно со овој закон и податоците не ги објавува јавно, не ги забележува во книгата за процена и не издава на производителот заверена дневна потврда за предадениот тутун во која е наведена бруто и нето количина, дара и други одбитоци (песок и влага) (член 28 ставови 1 и 2);
12) не го прими, не го евидентира спорниот тутун во книгата за приговори и писмено истиот ден не го пријави до комисија за повторна процена (член 29 став 2)
13) не обезбедува присуство на претставник во комисијата за повторна процена (член 29 став 4);
14) врши купување, прекупување, продажба и препродажба на суров тутун во лист или режан тутун спротивно на одредбите од овој закон (член 32);
15) врши извоз на необработен суров тутун неманипулиран во индустриски класи и непакуван во тонга бали или во картонски кутии (член 33);
16) врши промет, извоз и увоз на обработен тутун, без да е запишан во трговскиот регистар или без сертификат за квалитет (член 34);
17) врши производство на тутунски производи, без да е запишан во трговскиот регистар за вршење дејност производство на тутунски производи и без да е запишан во регистар на производители, извозници и увозници на тутунски производи што го води Министерството за економија (член 35 став 1);
18) не ги исполнува условите од членот 35 став 2 на овој закон;
19) врши промет, извоз или увоз на тутунски производи без да е запишан во регистарот на производители, извозници и увозници на тутунски производи што го води Министерството за економија или без сертификат за квалитет и безбедност (член 36);
20) не ги исполнува условите од членот 36 став 2 на овој закон;
21) не поднесе барање до Министерството за економија за запишување во регистарот на марки на тутунски производи (член 38 став 5);
22) употребува адитиви (додатоци) спротивно на одредбите од членот 40 на овој закон;
23) пушта во промет цигари што на пакувањето не содржат податоци за содржината на катран, никотин и јаглероден моноксид во милиграми по цигара (член 41);
24) врши продажба на одделни цигари и/или други тутунски производи надвор од оригиналното пакување на производителот, со исклучок на пурите (член 49);
25) *Избришана* 16
26) не ги спроведе неопходните тестирања на цигарите во акредитирана лабораторија согласно со Законот за акредитација (член 58-а став 2) и
27) не ги даде на тестирање цигарите во акредитирана лабораторија согласно со Законот за акредитација (член 58-а став 2).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети, растенија, средства и производи што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член, освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три до 30 дена.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 точки 8, 9, 11 и 12 на овој член и на проценителот во откупниот пункт.

## Член 67

Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
1) не го пријави, секоја производна година, до 30 мај договореното производство на тутун за тековната реколта до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 9 став 1);
2) не го продаде целокупниот произведен тутун на откупувачот, односно не го откупи целокупниот договорен тутун, под условите предвидени со договорот (член 10 став 1);
3) не побара мислење за договорот од највисоката асоцијација на тутунопроизводителите (член 12 став 2);
4) склучи договор за количини на тутун за кои производителот има склучено договор со друг откупувач (член 12 став 3);
5) склучува договор со производител кој нема заверен евидентен лист или во евидентниот лист на производителот не го запише и завери со печат бројот на договорот и договорената количина и не му го врати евидентниот лист на производителот (член 12 ставови 4 и 5);
6) склучува договор по истекот на рокот за склучување на договор (член 12 став 6);
7) не ги пријавува локациите на сите откупни пунктови во кои ќе врши откуп на тутун во определениот рок (член 20 став 4);
8) не отвори откупни пунктови (член 20 став 6);
9) со откуп на тутун не започне во сите пријавени откупни пунктови најдоцна од 15 декември во тековната производна година и не заврши најдоцна до 15 март во наредната година (член 23);
10) не го спроведува, не го достави планот за откуп или не ги извести производителите за денот и времето на преземање на тутунот (член 23 став 2);
11) пред почетокот на откупот на тутунот во просториите за откуп не истакне мостри на тутунот по типови и класи (член 25 став 1);
12) ја попречува работата на комисијата за повторна процена на тутунот (член 29 став 6);
13) не води евиденција за производството, увозот, извозот и залихите на тутунските производи (член 39 став 1);
14) на пакувањето на цигарите не се содржани општите и дополнителните предупредувања од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон;
15) општото предупредување не покрива најмалку 30% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 40% вклучувајќи ја и рамката на задната страна. Доколку информациите се пишуваат покрај на македонскиот уште на еден јазик општото предупредување мора да покрива најмалку 32% вклучувајќи ја и рамката на предната страна, а дополнителното предупредување најмалку 45% на задната страна (член 43 ставови 3 и 4);
16) општото и дополнителното предупредување не се применува наизменично (ротирачки) на начин што ќе гарантира редовна појава на сите предупредувања, т.е. да овозможи секое предупредување да се појави подеднакво на произведените количини (член 43 став 5);
17) пакувањето на тутунските производи, чија најдобро видлива површина е поголема од 75 см2 не ги содржи предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон, кои не покриваат најмалку површина од 22,5 см2 на предната и 22,5 2 см2 на задната страна на пакувањето, а ако се употребува покрај македонскиот уште еден јазик, најамлку површина од 24 см2 на предната и 24 см2 на задната страна на пакувањето (член 44);
18) текстот на предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон не се втиснати на начин определен во членот 45 став 1 на овој закон;
19) големината на буквите на секое предупредување на одделно пакување е во спротивност со прописот на Министерството за здравство (член 45 став 2);
20) текстот на податоците од членот 41 став 1 на овој закон и предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон не се ставени во рамка, при што ширината на рамката е

помала од 3 мм, поголема од 4 мм (член 45 став 3);
21) текстовите на предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон се на контролната (даночната) маркица која е залепена на пакувањето на тутунскиот производ (член 45 став 4);
22) предупредувањата од членот 43 став 1 точка 7 на овој закон се втиснати на налепница, која може да се отстрани (член 45 став 5);
23) на пакувањето на тутунските производи се впишуваат текстови, описи или други знаци кои содржат ознаки, зборови или изрази што упатуваат или сугерираат на тоа дека тој вид е помалку штетен од другите (на пример: low tar, light, mild, ultra light, односно малку катран, лесен, благ, ултра лесен и други слични ознаки) (член 46);
24) става во промет тутун за орална употреба (член 47) и
25) најмалку еднаш годишно не обезбеди мерење на состојките од членот 41 на овој закон (член 57 став 2).

Покрај глобата за прекршоци од ставот 1 на овој член ќе се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети, растенија, средства и производи и друго што се употребени за извршување на прекршокот.

За прекршокот од ставот 1 на овој член, освен глоба, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност во траење од три до 30 дена, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

## Член 67-а

Глоба во износ од 2000 до 3000 евра денарска противвредност ќе му се изрече на лицето од член 26-в став 1 на овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 26-в од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 26-в на овој закон доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно со член 26-ж став (3) на овој член.

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластениот претставник од членот 26-ж став (5) на овој закон, доколку постапи спротивно од член 26-з став (7) од овој закон.

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе ѝ се изрече на овластената институција која го спроведува првиот дел од испитот за добивање на лиценца за процена на тутун согласно член 26-ж став (7) од овој закон.

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 26-ж став (5) на овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на одредбите од член 26-з ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 26-з ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ако не го донесе решението во рокот утврден во член 26-п став (8) од овој закон.

Глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од член 26-п став (4) од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведувањето на првиот дел од испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Член 67-б

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно од Министерството за економија, ако:

- не ги прибави доказите, односно документите по службена должност во рок од три дена од денот на приемот на барањето спротивно на членовите 20 став 3, 22 став 2 и 37 став 2 од овој закон и

- не одлучи по барањето во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето спротивно на членовите 20 став 6, 22 став 4 и 37 став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите, односно документите ако не ги достави бараните докази и документи во рок од три дена спротивно на членовите 20 став 4, 22 став 3 и 37 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на инспекторот ако не изврши увид и не достави записник во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето спротривно на членовите 20 став 5, 22 став 3 и 37 став 3 од овој закон.

## Член 68

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
1) не го пријави или даде лажни податоци за производството на тутун до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (член 7 став 1);
2) раскинувањето на договорот откупувачот не го пријави во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подрачјето на производството (член 18 став 3);
3) не води или на пропишан начин не ја води евиденцијата за откупените количини на тутун од тековната реколта (член 30 став 1);
4) не води посебна евиденција за откупените и обработените количини на тутун, не ги пријавува и не доставува податоци во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до крајот на април во наредната година (член 30 став 3);
5) откупувачот при транспорт на откупените количини на тутун не ги носи потребните документи од членот 31 став 2 на овој закон и
6) не ја пријави секоја промена на името, адресата, седиштето или дејноста (член 38 став 4).

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Покрај глобата од ставот 1 на овој член за дејствијата од ставот 1 точка 6 на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на тутунот.

## Член 68-а

Глоба во износ од 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:
1) склучи договор кој не ги содржи одредбите од членот 13 на овој закон и
2) преносот на договорот не го пријави во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одговорна за подрачјето на производството (член 16 став 3).

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

## Член 69

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:
1) не го пријави или даде лажни податоци за производството на тутун до подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 31 март во тековната година (член 7 став 1);
2) не го продаде произведениот тутун на откупувачот со кој склучил писмен договор за производство и откуп на тутун под условите предвидени со договорот (член 10 став 1);
3) произведува тутун без склучен договор за производство и откуп на тутун со откупувачот на тутун и склучува договор за една производна година и за исто производство со повеќе откупувачи (член 11);
4) врши транспорт на тутун без потребните документи од членот 31 став 1 на овој закон и
5) врши купување, прекупување, продажба и препродажба на суров тутун во лист или режан тутун спротивно на одредбите од овој закон (член 32).

Покрај глобата од ставот 1 на овој член за дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на тутунот.

## Член 69-а

Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:
1) нема лиценца за процена на тутунот (член 26 став 1).

Покрај глобата од ставот 1 на овој член за дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на тутунот.

## Член 69-б

Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице, ако:
1) не го предаде договорениот тутун во ден и време согласно член 23 став 4 на овој закон
2) не го остава спорниот тутун во откупниот пункт (член 29 став 2) и
3) ја попречува работата на комисијата за повторна процена (член 29 став 6).

## Член 69-в

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон води прекршочна комисија формирана согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци утврдени во членовите 66, 67, 67-а, 68, 68-а, 69, 69-а и 69-б од овој закон се врши постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

За прекршоците утврдени во членовите 66, 67, 68, 68-а, 69, 69-а и 69-б од овој закон, земјоделскиот инспектор на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.

Во записникот се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува службено, односно одговорното лице кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими прекршочниот платен налог.

Изјавата од ставот 6 на овој член се забележува во записникот.

Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за нивниот исход.

Во евиденцијата од ставот 8 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 9 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Против одлуката на прекршочната комисија од став 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочната постапка.

За прекршоците утврдени во членот 67-б од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 69-г

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 70

Правните и физичките лица се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По исклучок на ставот 1 од овој член правните лица своето работење ќе треба да го усогласат со одредбите на членовите 41, 42, 43, 44, 45 и 46 од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Тутунските производи што не се прилагодени и не содржат информации во согласност со членовите 41, 43, 44, 45 и 46 од овој закон, а кои се пуштени во промет пред истекот на рокот од ставот 2 на овој член можат да останат во промет уште три месеца по истекот на рокот од ставот 2 на овој член.

### Член 71

Надоместокот утврден во членот 50 став 1 ќе се пресметува и наплатува од 1 април 2006 година.

### Член 72

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

## Член 73

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за тутун ("Службен весник на Република Македонија" број 69/96 и 15/98) и одредбите од членот 36 став 2 и членот 54 став 1 точка 12 од Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен весник на Република Македонија" број 54/2002).

## Член 74

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2008 и 31/2010):

**Член 25**

Подзаконскиот акт од членот 11 на овој закон ќе се донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 26**

Одредбата од членот 10 на овој закон ќе се применува по истекот на 21 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Тутунските производи што не се прилагодени и не содржат информации во согласност со членот 10 од овој закон, а кои се пуштени во промет пред истекот на рокот од ставот 1 на овој член можат да останат во промет уште три месеца по истекот на рокот од ставот 1 на овој член.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011):

**Член 48**

Подзаконските акти за постапката за едукација ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од овој закон ќе се применуваат постојните прописи.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011):

**Член 50**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членовите 5, 6, 9 ставови 1 и 2, 24, 34 став 1 точка 3 и 42 став 1 точка 5 ќе се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2011):

**Член 3**

Подзаконските акти предвидени по овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2011):

**Член 4**

Одредбите од членовите 1 став (22) и 2 став (22) на овој закон ќе започнат да се

применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 93/2013):
**Член 5**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија‟, а ќе се применува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 99/2013):
**Член 1**
Во Законот за изменување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" број 93/13), во членот 5 зборовите: „а ќе се применува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон‟ се заменуваат со зборовите: „а ќе започне да се применува со започнувањето со примената на членот 12 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија‟ број 82/13).‟
**Член 2**
Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 164/2013):
**Член 5**
Електронскиот систем од членот 26-л од овој закон се воспоставува во рок од една година од денот на започнувањето на примената на овој закон.
**Член 6**
Започнатите постапки за полагање испит за добивање на лиценца за процена на тутун до денот на започнувањето на примената од овој закон ќе завршат според одредбите на прописите по кои започнале.
**Член 7**
Поблиските прописи од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 164/2013):
**Член 8**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија‟, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 151/2014):
**Член 36**
Електронскиот систем за водење на евиденција на пријавени, евидентирани и договорени површини и количини тутун по производители, откупувачи, по типови на тутун, за секоја реколта поединечно ќе се воспостави најдоцна до 28 февруари 2015 година.
**Член 37**
Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија‟ бр. 151/2014):
**Член 38**
Одредбите на членовите 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26 од

овој закон ќе отпочнат да се применуваат со денот на отпочнувањето на примената на Законот за изменување и дополнување на Законот тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" број 164/13).

Закон за изменување и дополнување на Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2015):

**Член 69-в**

Подзаконскиот пропис утврден со овој закон кој ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.